Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведест и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 октомври 2023 година**

**Скопје, октомври 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведест и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 октомври 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:40 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кернар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за потребата од организирање чартер лет на релација Тел Авив-Скопје заради евакуација на македонските државјани од Израел

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Информација за одржани преговори за склучување на нов Колективен договор и Анекс 1 кон истиот со Барање за согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со Предлог одлука

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од организирање чартер лет на релација Тел Авив-Скопје заради евакуација на македонските државјани од Израел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии до Владата да достави одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година во износ од 9.225.000,00 денари, како план на трошење на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за организирање авионски превоз со чартер лет на релација Тел Авив-Скопје заради евакуација на македонските државјани од Израел.

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2. Се задолжува Бирото за јавни набавки да даде согласност на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за преговарање без објавување оглас, согласно член 55 став 1, точка Г од Законот за јавните набавки.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, најитно да организира авионски превоз со чартер лет на релација Тел Авив-Скопје, со кој во Република Северна Македонија би се вратиле македонските државјани, кои во моментот се наоѓаат во Израел, а кои изразиле желба да се вратат во Република Северна Македонија и кои немаат други можности тоа да го остварат.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку ДКП-Тел Авив да обезбеди и до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да достави список и информации за македонските државјани кои се наоѓаат во Израел и кои побарале помош да се вратат во Република Северна Македонија.

**Точка 2**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По однос на оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за одржани преговори за склучување на нов Колективен договор и Анекс 1 кон истиот со Барање за согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со Предлог одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9.15 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **dr.Artan Grubi** |